проскомидијата. Ова е објавено во текстот: Полошко-тетовска епархија и манастир Лешок од Р. Груиќ, во издание на Гласникот на Скопското научно друштво на стр. 75 и 76 од 1925 година ( извор: ред. бр. 42) .

76 *Гласник Скопског Научног Друштва* 44

Кочо, Иван *поклоник*, Стаменко, Ристо, Смилко, Петко, Јаков, Кузман, Куле, Божин, Стамат, Дрецо, Паун, Јанче, Петруш, Јано, Јован, Тримче, Спиро, Захариа, Крсте, Павле, Милован, Тасе и Јордан; *а од жена:* Митра, Јенориа, Стана, Анђа, Илинка, Пера, Детелина, Велика, Весела, Јана *поклоница*, Софија, Ана, Сирма, Тренда, Марија, Дилбера, Таска, Доца, Зафирка, Заривка, Бисера, Јеласавета *презвитера*, Катарина, Атанасија, Стојна, Теодора, Јевра *презвитера*, Варвара, Агнија и Менуша.

( Дарители на црквата Св. Богородица во 1900 г. Спиро, Менуша и Детелина од родот Лалошои)
( Donors for the church the Virgin Mary in 1900 Spiro, Menusha and Detelina of the kin Lalosoi)

## 12.1. 1. Потомците на Трпо Поп Спиров Онуфриевски ( 54 ), Лешок



( Дедо ми Трпо Онуфриевски, првиот образован учител од Лешок и тетовскиот крај, завршил богословско учителско училиште во Призрен, 1920 )
( My grandfather Trpo Onufrievski, the first learned teacher from Lesok and the Tetovo region,he graduated theological teacher’s school in Prizren, 1920 )

Трпо не се запопил, туку одлучил да работи како учител во Лешок и во селата во Долни Полог. Интересно е приказната што миј а раскажа стрина ми Љубица, која и ја раскажала баба ми Цвета. Имено, кога дедо ми завршил богословија, требало да се определи за поп или за учител. Тогаш баба Цвета иако била млада невеста била многу болна. Менуша и Спиро не сакале и он да биде поп и цел живот да биде во црна мантија и цел живот да мете скали- сл,бице со долгата мантија. Посебно, ако дедо ми би се запопил, а тогаш баба ми била многу болна и ако умре тогаш, како поп не смеел да се прежени и би требело цел живот да биде удовец. Но, животот е живот и подоцна дедо ми се разболува и умира млад на 37 година, а баба Цвета оздравува и живее до 90-та година.

Учителот Трпо ги учел децата на македонскиот дијалект од Долни Полог, за што српските власти често го преместувале во разни училишта, а ниеднаш во

училиштето воЛешок, за да 1930 година како казна да го префрлат во Лесковец, Србија.


Живко Т. Спироски, Лешок,1924-2007
Zivko T. Spiroski, Lesok,1924-2007


Слободан Т. Спироски, Лешок,1929
Slobodan Spiroski, Lesok,1929


Цвета П. Онуфриевска,Лешок, 1896-1985
Cveta P. Onufrievska,Lesok, 1896-1985


Трпо С. Онуфриевски,Лешок, 1896-1933
Trpo S. Onufrievski,Lesok, 1896-1933


Олга Т.Онуфриевска, Лешок,1928
Olga T.Onufrievska, Lesok,1928



МИНИСТАРСТВО ПРОСВЕТЕ
КРАЉЕВИНЕ ЈУГОСЛАВИЈЕ
Одељење за основну наставу
О.н.бр. 74671
3 - XI - 1930 год.
у Београду

## УВЕРЕЊЕ

г. [illegible] учитељ Основне школе у [illegible] среза [illegible], бановине [illegible], одлуком господина Министра просвете од 15 - X - 1930 год. О.н.бр. 74671, на основу чл. 84 Закона о народним школама [illegible], а по сагласности Претседника Министарског савета бр. 8457, премештен је, по потреби службе, за учитеља Основне школе у Лесковцу, среза [illegible], бановине [illegible], с правима чиновника 4 групе 2 категорије са основном платом 4 степена од динара 5160 и положајном платом од динара 2640, као и станарином од — динара годишње, ако на исту има право према чл. 38 и 39 Закона о чиновницима и осталим државним службеницима грађанског реда.

Ово се уверење издаје г. [illegible] на употребу.

По наређењу
Начелник Одељења за основну наставу

( Уверение бр. 74671 од 3.11.1930 г. на Министерството за просвета на Кралството Југославија за преместување на Трпо Онуфриевски во Лесковец, Србија )
( Certificate number 74671 since 3.11.1930 of the Ministry of education of the Kingdom Yugoslavia for moving of Trpo Onufrievski in Leskovec, Serbia )

Трпо бил многу амбициозен човек и бил многу успешен и како учител, како претприемчив човек, а се јавува и како кандидат за народен пратеник. Прв во Лешок.1931-32 година, гради куќа со план и со модерен европски и градски стил, со бетонски скали, со бетон на подот во ВЦ во куќата и со септичка јама, инсталација за струја, дупли стаклени прозори за тремичка изолација и сл.



( Трпо поп Спиров Онуфриевски )
( Trpo pop Spirov Onufrievski )



(Лешок, 1967, Баба Цвета и Слободан, Љубица и Радмила Спироски со Перо Јовановиќ, гости од Смедеревска Паланка )
(Lesok, 1967, Grandmother Cveta and Slobodan, Ljubica and Radmila Spiroski with Pero Jovanovic, guests from Smederevska Palanka )

Инаку, дедо Трпо бил многу близок со деловоѓата-писар на Општината во Лешок со Добросав Јовановиќ, кој се вратил во Смедеревска Паланка. Добросав имал син Перо Јовановиќ и ќерка Вера која се мажи и живее во Тузла БиХ. Перо Јовановиќ во 60-те години доаѓа на гости кај стрико ми Слободан и давам фотографија погоре. Инаку, Перо Јовановиќ живее на ул. Ѓорѓи Димитров бр. 14 во Смедеревска Паланка и има син ( тел: 00 381 / 26/ 316-875).

Трпо како последица на дезертеството од Првата светска војна, се враќаат пешки од Едрене до Лешок изложени на невреме заедно со Симче Момировски од Лешок. Интересно е дека Симче ми раскажуваше кога доаѓаше во лозјето во Млака и ми раскажуваше за дедо ми Трпо дека заедно биле војници и дека дедо носел мапа-карта и по неа се враќале пешки од фронтот во Бугарија за Лешок. Еден ден ги фатило страшно невреме со дожд и град и целите укиснати и смрзнати, а без да се пресоблечат и исушат алиштата дошле до некоја воденица и уморени, гладни ненаспани и укиснати газдата ги примил некој воденичар во воденицата и тогаш дедо ми се разболува многу тешко кое нешто му остава трајни последици до крајот на неговиот живот. Трпо добива стеноза на срце и се лечи кај најпознати доктори од тоа време. Го лечи др. Џафер од Скопје, а оди дури и до Медицински факултет во Белград кај некој познат професор и доктор, а после во 1931 година оди на лечење дури до Виена, но, безуспешно, оти болеста била многу раширена и 1933 година на 37 годишна возраст умира. За неговата смрт се прочуло во целиот Полог и за смртта новинарот Боро Јосифовски објавува посебен текст во весникот Вардар, Скопје бр. 103, Недела, 23 јули 1933 год. ( извор: ред. бр.9) .



(Боро Јосифовски, новинар од Тетово, го напишал тесктот за смртта на дедо ми Трпо во весникот Вардар од 1933 г.)
(Boro Josifovski, journalist from Tetovo, he has written the text for the death of my grandfather Trpo in the newspaper Vardar, 1933)


Скопље, Недеља 23 Јула 1933 године
ВАРДАР
НЕЗАВИСАН ПРИВРЕДНО-КУЛТУРНИ ПРЕГЛЕД
1 број у продаји 1 ДИНАР
† Трпко Онуфријевић
Покојни Трпко Онуфријевић

(Напис во весникот Вардар, Скопје, 23 јули 1933 за смртта на Трпо Онуфриевски, учител од Лешок )
(Article in the newspaper Vardar, Skopje, 23 July,1933 for the death of Trpo Onufrievski, teacher- Lesok )

**Трпо** заедно со сопругата Цвета имаат два сина **Живко (159)** и **Слободан (160)** и две ќерки **Ратка** и **Олга**. За голема несреќа и жалост двете ќерки Ратка и Олга умираат како мали деца. Слободан има завршено средно економска школа, а Живко виша банкарска школа. Слободан работи во Болницата за ТБЦ во Лешок на административно-благајнички работи, а Живко работи во повеќе организации како книговодител, а е еден од основачите на земјоделска задруга Извор во Лешок, ЗЗ Нова Слога од Лешок, а работи во ТРО Победа, Тетово, работи во општина Теарце, во СОК филијала Тетово и СОК – Филијала, Скопје како финансиски инспектор.

Инаку, за долгогодишната работа се до пензионирањето и значајниот придонес за растежот и афирмацијата на Болницата за ТБЦ во Лешок, во книгата: 50 Години Болница за градни болести и труберкулоза во с. Лешок, напишана во 1996 година од д-р Маја Закоска, која работеше во истата Болница, се споменати многу лица, меѓу кои посебна благодарност е изразена на Слободан Спироски, а во книгата се споменати и многу лица од Лешок, Слатина, Тетово и др. места кои работеле во неа, а спомената е и мојата братучеда Радмила Тодоровска, која работи како медицинска сестра 30-ни години ( извор:ред. бр. 176).


POTVRDA

Član na likvidacijata,
(Živko T. Spiroski)

( Живко Спироски,член на ОТП Бистрица од Тетово- во Ликвидација во 1957 год.)
( Zivko Spiroski,member of OTP Bistrica from Tetovo- in Satisfaction in 1957 )

Му изразувам бескрајна благодарност за трпението, документите, сеќавањата и фотографиите кои ми ги даде чичко ми Слободан Спироски (аџо Цобе ), секако и благодарност на стрина ми Љубица Спироска (Нина Цобејца), за суптилните работи, за кои се сетија и ми дадоа информации за нашата фамилија и пошироко.



( Цвета Петрушова Онуфриевска )
( Cveta Petrushova Onufrievska )



( Чичко ми ,Слободан Трпов Спироски, е роден 1929 година во Лешок )
(My uncle ,Slobodan Trpov Spiroski was born 1929 in Lesok )

Склоноста кон учење во фамилијата Спироски најнапред се пренесува од свештеничкото потекло и традиција, а исто така и од учителствувањето на Трпо.



( Решение на Слободан Спироски за работно место благајник во ЗЗ Нова Слога од Лешок )
( Settlement of Slobodan Spiroski for job as a cashier in ZZ New concord Lesok )

Чичко ми Слободан заедно со сопругата Љубица имаат две деца **Радмила (435)** и **Борчо (436)**.



( Борчо Спироски и Љубе Анѓелковски- Меро од Ќапункооj од Лешок на плацот Кале)
( Borco Spiroski and Ljube Angelkovski- Mero - Kapunkooj -Lesok on the yard Citadel)

Радмила (Рада) има завршено средно медицинско училиште и работи како медицинска сестра во Болницата за ТБЦ во Лешок, а денеска во Медицинскиот центар во Тетово, а Борчо (Борче) е економист и работи на комерцијални работи во Македонска книга, а потоа во сопствената фирма Бодумина Промет од Скопје.



( Цвета Петрушова Онуфриевска )
( Cveta Petrushova Onufrievska )



( Цвета П. Онуфриевска со ќерката Олга )
( Cveta P. Onufrievska with her daughter Olga )



( Баба ми Цвета Онуфриевска со внуците Митко и Борчо Спироски, 1971 г.)
( My grandmother Cveta Onufrievska with the grandchildren Mitko and Borco Spiroski, 1971)

**Радмила** со сопругот Мирко Тодоровски,кој работи во Земјоделско училиште и Жито Полог,Тетово, имаат еден син **Зоран (959)** и керка **Маја (960)**. Зоран е дипломиран електро инжињер и работи во Скопје во фирмата Свислајон. **Зоран** заедно со сопругата Анета имаат две ќерки **Евгенија и Елена**. Маја е дипломиран фармацевт и работи во аптека. **Маја** заедно со сопругот Зоран имаат еден син Стефан. Маја е дипломиран филолог оддел македонски јазик и работи во Земјоделслско Училиште во Тетово, а Зоран има завршено филозофски факултет и работи во Медицински центар Тетово. **Борчо (436)** има виша економска школа и работи во Македонска книга и Бодумина Скопје. Борчо со сопругата Милка имаат син **Марко (961**), студент на ел. машински факултет и ќерка **Марија (962**), ученик во средно.

**Живко** заедно со сопругата Јорданка имаат три деца: керка **Милица (432)** и синови **Мирко (434)** и **Митко** ( Мите) **Спироски (433)**.



( Трпо Спиров Онуфриевски )
( Trpo Spirov Onufrievski )



(Лешок,Млака, 1998, на заедничка веселба Ацо Кимов, Милица, Јорда и Живко Спироски )
(Lesok,Mlaka, 1998, at enjoyment Aco Kimov, Milica, Jorda and Zivko Spiroski )

Милица почнува да студира медицина, но, мажачката ја попречува да ја оствари амбицијата, Но, таа работи како медицинска сестра во Здравствен дом Струга на очното одделение, при што завршува виша медицинска школа во Белград. Се пензионира во 2002 година и работи хонорарно во сопствената приватна Оптика прво во Струга, а потоа во Скопје. Милица со сопругот Димитар Трпеновски од Вевчани, кој има завршено медицински факултет имаат две деца **Наум** и **Горан**. Наум завршува медицински факултет и работи како очен лекар прво во Медицинскиот центар Струга, а потоа во Воената болница во Скопје на Очно одделение. Наум се жени со Милена од Струга, која има завршено медицински

факултет, а имаат син Јаков и ќерка Марија. Горан завршува правен факултет, женет е со Јасмина од Струга, која има завршено технолошки факултет. Горан и Јасмина имаат син Димитар. Горан работи како новинар во дневниот весник Вест Скопје во редакцијата за општествено-политички настани.



( фамилијата Спироски,октомври 1981 год. )
(family Spiroski,October 1981 )

**Мирко** има завршено медицински факултет и работи прво во институт за физиологија, а после во институт за имунологија, како управител. Мирко предава како професор на Медицинскиот факултет во Скопје и има докторирано на физиологија. Мирко неколку години беше претседател на Синдикатаот на здравствените работници на Македонија, потоа беше Претседател на Невладината организација МЦМС Скопје. Мирко Спироски имаше сопствена фирма Медис Информатикс Скопје, која публикуваше книги од областа на медицината, а го издава и првото списание за компјутери и информатика под назив Информа, Скопје. Мирко Спироски има напишано многу стручни и научни теми од областа на физиологијата, кои се објавени на македонски и англиски јазик во повеќе земји. Мирко заедно со сопругата Вера, која исто така има завршено медицински факултет имаат три деца: синови **Игор** и **Иво** и керка **Ели**. Најстариот син Игор има завршено медицински факултет и работи на клиника за кардиологија во Скопје, а оженет е за Катарина, која е забар и работи во приватна ординација. Ели е студент на медицински факултет, а Иво е студент на земјоделски факултет.

**Митко ( Мите)** има завршено економски факултет и работи прво во СОК на РМ -Централа во Скопје, потоа во Министерството за финансии-Управа за јавни приходи на РМ, како инспектор и советник за финансии, за да денес работи како ревизор, проценител и советник за финансиски и даночни прашања во приватна консалтинг куќа ТИМ Консалтинг, Скопје.



( Трпо Спиров Онуфриевски )
( Trpo Spirov Onufrievski )



Јорда Т. Спироска, 1924-2002
Јанчиште-Лешок-Скопје
Jorda T. Spiroska, 1924-2002
Jancishte-Lesok-Skopje



Живко Т. Спироска, 1924-2007
Лешок-Скопје
Zivko T. Spiroska, 1924-2007
Lesok-Skopje



Митко Ж. Спироски, 1949
Лешок-Скопје
Mitko Z. Spiroski, 1949
Lesok-Skopje



Милица Ж. Спироска, Лешок,1944
Лешок-Вевчани-Струга
Milica Z. Spiroska, Lesok,1944
Lesok-Vevcani-Struga



Мирко Ж. Спироски, Лешок,1948
Лешок-Скопје
Mirko Z. Spiroski, Lesok,1948
Lesok-Skopje



(Славица и Митко Спироски, прослава 25 г. брак-Сребрена свадба, Пицерија Дал Мет ФУ,Скопје,19.09.2006 )
(Slavica and Mitko Spiroski, a celebration of 25 years marriage-Silver wedding, Pizzeria Dal Met FU, Skopje,19.09.2006 )

Митко заедно со сопругата Славица, која исто така има завршено економски факултет имаат две деца: син **Огнен** и керка **Искра**. Огнен Спироски има завршено компјутерски науки на Шефилд во Солун, Грција, и заврши во 2008 година на постдипломски студии во Тренто, Италија и Единбург, Шкотска и е магистер за компјутерски науки ( извор: ред: бр. 68 и 156).




(Огнен Спироски, автор на музика во филмот Maybe Logic, на Deep Leaf Productions од САД )
(Ognen Spiroski, autor of muzic in film Maybe Logic, na Deep Leaf Productions USA )

Искра заврши деловен менаџмент на Шефилд во Солун, Грција и работи во фамилијарната фирма ТИМ Консалтинг, Скопје, како менаџер консултант.



ОГНЕН СПИРОСКИ MADE IN MACEDONIA

**ИНТЕРНЕТОТ МИ Е ВРСКАТА СО МАКЕДОНИЈА**




( Викенд-додаток на весникот Дневник-12.06.2004 г. напис за Огнен Спироски, кој студираше компјутерски науки на колеџот Шефилд во Солун)
( Weekend – addition of the newspaper Journal -12.06.2004 article for Ognen Spiroski, who was studying science of computers at the college Shefild in Salonika)

Во бракот на Јорданка со Живко Спироски имаат три деца ( два сина и една ќерка ): Митко, Мирко и Милица, а имаат седум внучиња од кои пет внуци ( Огнен, Горан, Наум, Игор и Иво ) и две внуки ( Искра и Ели). Сите три деца (Митко, Мирко и Милица) на Јорда и Живко имаат завршено високо односно више образование-факултет, со завршен факултет се сите седум внуци, а со завршен факултет се и двете снаи за синови ( Славица и Вера ) и едниот зет за ќерка ( Димитар ), а со факултет се и четири 4 невести на внуците ( Милена, Јасмина, Катерина и Маја). Значи, во бракот на Живко и Јорданка Спироски сите 18 лица сме со факултетско образование ( 1 тато, 2 сина, 1 ќерка, 2 сн аи, 1 зет, 7 внуци, 4 снаи за внуците ) .



(Името Данил,Огнен, во Лешочкиот поменик)
(The name Danil, Ognen, in Lesok's mention )



(Акт на жена, изработен од глина од Искра Спироска )
(Akt women, to make od the clay,Iskra Spiroska )



(Огнен Спироски, во Единбург, Шкотска, јуни 2008 год.)
(Ognen Spiroski,in Edinburgh, Scotland, June, 2008)

Во родот Лалошои има 205 лица со завршено високо односно више образование или 12,5%, додека од фамилијата Спироски односно-потомците на Спиро има завршено 40 лица или 25%, што што може да се види во Табелата бр. 29.

Во вкупно 23 потомци ( 2 синови, 5 внуци и 11 правнуци, без 5 чукун внучиња кои се малолетни) на Трпо Онуфриевски со завршено високо и више и образование-факултет има 15 лица, што е 65,2% , додека од вкупно 10 потомци ( 3 синови и 7 внуци, без правнуци, кои се малолетни) на Живко и Јорда Спироски сите 10 имаат звршена висока и виша школа или 100%. Секако дека високиот процент на учени лица на потомците на Трпо и Спиро Онуфриевски укажува на долговековната свештеничка традиција за читање на слова и книги односно за учење и за образование која е всадена во крвта и гените на потомците.




(Гранката на Трпо Онуфриевски, од фамилијата Спироски и родот Лалошои од Лешок )
(Family tree of Trpo Onufrievski, of the family Spiroski and the kin Lalosoi - Lesok )